**КРАТКО РЕЗИМЕ НА КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА НА COP29**




**Член 6.2 од Договорот од Париз**

Значајно достигнување оследниот COP беше напредокот постигнат на пазарите на јаглерод. По речиси една деценија работа, земјите ги направија последните договори со кои одредуваат како ќе функционираат пазарите на јаглерод според Парискиот договор, а притоа тргувањето од земја до земја и механизмот за кредитирање на јаглерод да се целосно функционални.

За тргувањето од земја-до земја (член 6.2), со одлуката што е донесена на COP29, објаснето е како земјите ќе го одобрат тргувањето со јаглеродни кредити и како ќе функционираат регистрите што го следат тоа. И веќе постои уверување дека еколошкиот интегритет ќе се обезбеди однапред преку технички прегледи при транспарентен процес.

На првиот ден од COP29, земјите ги договорија стандардите за централизиран пазар на јаглерод во рамките на ОН (механизам од член 6.4). Ова е добра вест за земјите во развој, кои ќе имаат корист од новите финансиски текови. А тоа е особено добра вест за најмалку развиените земји, кои ќе ја добијат

поддршката за градење капацитети што им е потребна за да се зацврстат на пазарот.

Овој механизам, познат како Механизам за кредитирање на Договорот од Париз, е поткрепен со задолжителни проверки на проектите кои се однесуваат на строга заштита на животната средина и човековите права, вклучително и заштитни мерки кои гарантираат дека проектот не може да се реализира без прифатен експлицитен договор за информирање од домородното население. Исто така, им овозможува на секој засегнат од проектот да поднесе жалба на одлуката или да достави поплака.

Според член 6.4, постои мандат пазарот на јаглерод на ОН да се усогласи со науката. Со тоа надзорното тело е задолжено да го подобри функционирањето на овој пазар земајќи ја во обзир најдобрата достапна наука.

Работата на пазарите на јаглерод не запира во Баку. Надзорното тело кое го воспоставува новиот механизам за кредитирање на јаглерод од Страните, доби долг список со задачи за 2025 година и ќе продолжи да одговара пред нив.

**Транспарентност**

Транспарентното известување за климата направи големи чекори напред во Баку, градејќи посилна база на докази за зајакнување на климатските политики со текот на времето и помагајќи да се идентификуваат потребите и можностите за финансирање. До денес, 13 Страни ги имаат поднесено своите први Двогодишни извештаи за транспарентност (BTR) – што треба да ги поднесат сите Страни до крајот на годината. Андора, Азербејџан, Европската Унија, Германија, Гвајана, Јапонија, Казахстан, Малдиви, Холандија, Панама, Сингапур, Шпанија и Турција го предводат патот за транспарентно известување за климата и поставија пример што другите треба да го следат.

Дополнително, сите точки од преговорите за транспарентност завршија успешно на COP29, при што Страните ја изразија својата благодарност за

навременото комплетирање на алатките за известување за Засилена рамка за транспарентност (ЕТФ), техничките обуки и поддршката што им се дава на земјите во развој за известување во рамките на ЕТФ, што се случи во 2024 година.

Беа организирани вкупно 42 настани под #Together4Transparency, иницијатива за соработка на UNFCCC која промовира климатска транспарентност со Страните и други засегнати чинители. Овие настани ја нагласија виталната улога на транспарентноста во подготовката на НДЦ и патеките за нето-нула, како и во препознавањето на климатските активности од другите засегнатите чинители. Настаните вклучуваа сесии на високо ниво, задолжителни настани и сесии за обука со цел да се подготват земјите за нивните BTR, како и да се опремат технички експерти за претстојниот процес на проценка.

Критичната улога на REDD+ беше препознаена преку ветувањето од 3 милиони фунти од страна на Меѓународната единица за шуми на Обединетото Кралство за поддршка на работата на ОН за климатски промени во текот на четири години. Ова финансирање ќе ги зајакне активностите на REDD+ во многу земји, овозможувајќи му на секретаријатот да создаде простори за експертите на REDD+ да се вклучат во технички дијалог. Се очекува овие напори да ја подобрат транспарентноста и имплементацијата на REDD+, во согласност со целта на Global Stocktake за запирање и враќање на уништувањето на шумите и деградацијата на шумите до 2030 година.

## Адаптација

COP29 беше важен момент за адаптација, со испорака на неколку клучни резултати. Одлуката на COP за прашања кои се однесуваат на најмалку развиените земји (LDC) содржи одредба за воспоставување програма за поддршка за спроведување на Националните планови за адаптација (NAPs) за LDC. Страните опширно разговараа за втора петгодишна проценка на напредокот за формулирање и спроведување на НАП, а разговорите ќе продолжат во јуни 2025 година.

Дијалогот на високо ниво за националните планови за адаптација собра министри од најмалку развиените земји и малите островски држави во развој, финансиски експерти и меѓународни донатори за да се справат со се поголемата итност за климатската адаптација. Нивните дискусии се фокусираа на иновативно финансирање, техничка поддршка и забрзана акција за исполнување на крајниот рок за поднесување на НАП во 2025 година. Настанот заврши со силен повик за акција за забрзување на НАП и преточување на плановите во опипливи резултати.

Исходот од глобалната цел за адаптација поставува јасен пат напред на патот кон работната програма за индикатори за COP30, обезбедувајќи процес за експертите да продолжат со своја техничка работа пред да ја префрлат палката на Страните. COP29, исто така, го започна Патоказот (roadmap) за адаптација на Баку и дијалогот на високо ниво во Баку за адаптација за подобрување на имплементацијата на Рамката на ОАЕ.

COP29 направи одлучувачки чекор напред за да се подигне гласот на домородните народи и локалните заедници во климатските активности, со усвојување на Работен план на Баку и со обновување на мандатот на Работната група за олеснување (FWG) на Платформата за локални заедници и домородни народи (LCIPP). Усвоената одлука го потврдува напредокот постигнат од FWG во поттикнувањето на соработката меѓу Страните, домородните народи и локалните заедници и го нагласува лидерството на домородните народи и локалните заедници во справувањето со климатската криза.

## Род и климатски промени

Земјите донесоа заедничка одлука за родот и климатските промени, продолжувајќи ја за уште 10 години ја Работната Програма од Лима за род и клима, со што ја потврдија важноста на родовата еднаквост и унапредување на вклучувањето на родовите аспекти во главните политики во текот на конвенцијата.

Тие, исто така, се согласија да развијат нов родов акционен план за усвојување на COP30, кој ќе ја постави насоката за конкретна имплементација.

**Учество на граѓанското општество, деца и млади**

На светските лидери на COP29 им се придружија претставници од граѓанското општество, локалните држави, бизнисот, домородните народи, филантропијата и младинските и меѓународните организации. Повеќе од 55.000 луѓе присуствуваа на COP29 за да споделат идеи, решенија и да градат партнерства и коалиции.

Одлуките донесени на COP29 повторно ја нагласуваат критичната важност за зајакнување на сите засегнати страни кои треба да се вклучат во климатските активности; особено во рамките на Акцијата за зајакнување на климата (ACE). Страните потсетија на важноста од интегрирање на елементите на ACE во националните политики, планови, стратегии и активности за климатските промени.

COP29 постигна значајна пресвртница бидејќи беше создаден простор што обезбеди значајно учество на децата во рамките на Климатскиот форум, кој за прв пат беше предводен од младите.

Четири деца, вклучително и најмладото кое има само 10 години, беа во улога на модератори и говорници, кои влегуваа во директни дискусии со Страните и организациите набљудувачи. Нивното учество ја истакна важноста на инклузивноста и меѓугенерациската соработка во поттикнувањето на климатските активности.

Паралелно со формалните преговори, просторот за Глобална климатска акција на COP29 обезбеди платформа на која владите, бизнисите и граѓанското општество соработуваа и ги покажаа своите климатски решенија.

Шампионите на високо ниво, во рамките на Партнерството од Маракеш за глобална климатска акција, на COP29 ги претставија своите Годишници за глобална климатска акција за 2024 година, покажувајќи дека климатските активности од страна на засегнатите чинители кои не се Страни, вклучувајќи ги

бизнисите, инвеститорите и граѓанското општество, го поттикнуваат напредокот кон целите на Парискиот договор и дека нивниот ангажман е поважен од било кога.